Тони МИЛЕСКИ УДК: 355.58:502/504

# ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТА

***Кратка содржина***

*Во последните години од човековото опстојување, можностите на загрозување на безбедноста попримаат нови форми. Во тој контекст, животната средина се наметнува како амбиент кој е способен да продуцира одредени закани кои со својата жестокост на манифестирање во ниеден случај не се разликуваат од класичните воени судири. Бројот на жртвите во елементарните непогоди (цунами, торнада, земјотреси и сл.) е еквивалентен, а во некои ситуации и го надминува бројот на жртвите во локалните и регионалните воени судири. Ваквите констатации во академската средина отворија нови хоризонти во поглед на воспоставувањето врски помеѓу животната средина и безбедноста. Тоа подразбира редифинирање на безбедносната димензија вклучувајќи ги и проблемите поврзани со еколошката безбедност. Трудот ги анализира врските помеѓу животната средина и безбедноста преку развојот на концептот на безбедност во рамките на политичките теории кои ги објаснуваат меѓународните односи. Исто така, акцент е ставен и на состојбите на полето на еколошката безбедност во Република Македонија.*

***Клучни зборови:*** *ЖИВОТНА СРЕДИНА, БЕЗБЕДНОСТ, ЕКОЛОШКА БЕЗБЕДНОСТ, МЕНАЏМЕНТ, МОНИТОРИНГ, РАНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ.*

## Вовед

Неодамнешните истражувања за глобалното влијание на еколошките промени, како што се намалувањето на озонската обвивка, климатските промени и прекуграничното загадување на сите медиуми на животната средина, јасно покажуваат на нивните безбедносни импликации. Како одраз на таквата состојба, повиканите авторитети беа мотивирани да направат ре-евалуација на безбедносната димензија, инкорпорирајќи ги ѝ еколошките проблеми.

Во почетокот на осумдесетите години од минатиот век започнува да се развива концепт на взаемна безбедност кој на концептот за национална безбедност му дава поширок контекст. Односно на традиционалните безбедносни аспекти, покрај другото, се приклучуваат и еколошките проблеми. Континуирани се обидите на голем број експерти да креираат ригорозна рамка и убедливи дефиниции за тоа што всушност претставува еколошката безбедност. Дискусии за еколошката безбедност укажуваат дека еколошката деградација, предизвикана од човекот и недоволните ресурси се поставуваат како фундаментални физички закани. Закани кои ја загрозуваат физичката база на државата, но исто така и индивидуалната безбедност на граѓаните.

## 1. Еколошката безбедност во рамките на теориите за концептот на безбедност

Еколошката безбедност претставува јавна безбеденост од опасностите по животната средина предизвикани од природни или човекови процеси. Еколошката безбедност претставува состојба на динамика помеѓу човекот и животната средина која вклучува обновување на животната средина оштетена од воените дејствија и подобрување на ресурсните недостатоци, еколошката деградација и биолошките закани кои можат да доведат до социјални тензии и конфликти. Односно, еколошката безбеднсост претставува поим кој теоретичарите и практичарите го употребуваат за да укажат на врската помеѓу условите на животната средина и безбедносните интереси. (Милески, Т. 2006: 25)

Генерално, широчината на пристапите кон еколошката безбедност можат да се класифицираат во следните категории: недоволност на ресурсите како причина за политичка нестабилност и конфликт; еколошката деградација причинета од војни или подготовки за војна; еколошка деградација како закана за човековото здравје и човековата благосостојба; еколошка деградација која го нарушува суверенитетот.

Тргнувајќи од фактот дека основните претпоставки за концептот за безбедност произлегуваат од постоечките политички теории кои ги објаснуваат меѓународните односи, во оваа прилика врската

со еколошката димензија ќе ја анализираме и бараме преку освртот кон реалистичката и неореалистичката теорија, либералната и неолибералната теорија како и на конструктивистичката теорија на меѓународните односи.

### 1.1. Реализам и неореализам

Основните премиси на реализмот укажуваат дека индивидуите се организирани во држава и дека секоја држава ги остварува своите национални интереси по пат на сила. Државите, како такви, егзистираат во еден анархичен меѓународен систем во кој отсуствува хиерархиската поставеност на авторитет ниту пак постои одреден центар. Основниот императив на државите претставува одржување на рамнотежа на силата и заканите применувајќи ги како основен мотив во зачувувањето на меѓународниот систем и исклучувањето на заканите.

Неореалистите ги прифаќаат основните идеи на реализмот, меѓутоа соочени со промените на меѓународните односи настојуваат да внесат одредени промени. Неореалистите ја задржуваат државата како главен актер во меѓународната политика, но како што истакнува Волц (*Waltz*) значајно место има и структурата на државата. Исто така, задржана е и силата како темелен објект на анализа, но не како исклучиво воена сила. Задржан е и балансот на силата, кој овозможува државите да не стапуваат во војни.

Генерално гледано, реалистите и неореалистите тврдат дека постои унитарна автономна држава како главен актер и меѓународен анархичен систем во кој тие држави дејствуваат. (Vukadinović, R. 2004: 59-61; Guzzini, S. 1998; Baldwin, D. (ed.) 1993).

Можеме да констатираме дека според неореалистичката теорија на разбирање на меѓународниот систем, анархичната структура на меѓународниот систем претставува примарен политички контекст на меѓународната безбедност. Во таа насока, во рамките на меѓународните односи, анархијата значи дека власта ја сочинуваат единиците на системот. Оттука, доколку тие единици претставуваат државите, преку воспоставувањето на сопствениот суверенитет го негираат поставувањето на некој повисок политички авторитет. Ваквите укажувања налагаат системот на суверени држави да се сфати како

анархија, која претставува децентрализирана форма на политички поредок. Анархичната констелација, всушност претставува базичната политичка состојба во која што треба да се конституира вкупната меѓународна и национална безбедност. Таа ги профилира трите основни состојби за безбедносниот концепт: 1) државите претставуваат примарен референтен објект на безбедноста; 2) Внатрешната несигурност може но и не мора да биде доминантна во однос на националната безбедност, односно надворешните загрозувања доминираат во однос на националните безбедносни проблеми. 3) Безбедноста во анархичните односи има релативна константа. Се претпоставува дека промената во структурната сфера на анархијата би ја редефинирала безбедносната проблематика и нејзините димензии. (Георгиева, Л. 2004: 62-67).

Од горе изнесеното можеме да констатираме дека еколошката сфера не е доминантна во концептот на безбедноста кај реалистите, додека неореалистите ја додаваат еколошката сфера, но не како доминантен сегмент.

### 1.2. Либерализам и неолиберализам

Монтескиј (*Montesquieu*) како претставник на либералите ја поставил основата на размислувањето дека човековата природа е добра и дека сите зла доаѓаат од општеството, односно од моментот кога се создадени државите. Идеализмот на Вудров Вилсон (*Woodrow Wilson*) го трасирал патот на либералната теорија која довела до создавање на Лигата на народите, која претставува почеток на едно ново разгледување на светот и меѓународните односи. Лигата на народите според либералите претставувала инструмент со чија помош ќе се елиминира војната, преку колективните решавања на спорните проблеми ќе се обезбеди мир, а правните инструменти ќе придонесат за негово одржување. Меѓутоа, неуспехот на Лигата на народите, со започнувањето на Втората светска војна, Студената војна и блоковската конфронтираност довеле до елиминирање на либерализмот како теорија за меѓународните односи. По завршувањето на Студената војна, доаѓа до појава на нов правец, неолиберализам. Неговите основни претпоставки се базираат на тврдењето дека во современиот свет помеѓу државите постојат голем број на врски и односи во која силата ја нема доминантната улога. Неолибералната теорија ја на-

гласува врската помеѓу политиката и економијата, потенцирајќи дека економијата претставува моторна сила на глобалниот свет. По завршувањето на Студената војна, нови правци се вклучени во неолибералната теорија. Имено, теоретичарите на демократскиот мир кои истакнуваат дека демократските држави не влегуваат во војни. Причините за тоа се апострофираат во фактот што демократските држави во својата основа се мирољубиви бедејќи постојат демократски норми и култура кои лидерите ги наследиле. Второто објаснување е дека транснационалните и меѓународни организации силно ги поврзуваат демократските држави со мноштво на односи кои го лимитираат и оневозможуваат конфронтирањето помеѓу нив. (Vukadinović, R. 2004: 57-59).

Тоа значи дека основното прашање кое го промовираат идеалистите, а има допирни точки со мирот и безбедноста е дали светот би бил подобро место за живеење доколку меѓународните институции ја заменат меѓународната анархија?

Во таа насока, глобализацијата и интеграциските процеси кои се случуваат и ќе продолжат да се случуваат во наредниот период во голема мерка го ограничуваат суверенитетот на државите. Овие процеси се наоѓаат надвор од тематиката која ја дискутираат традиционалните безбедносни дебати, меѓутоа сѐ повеќе се наметнува убедувањето дека заканите кои произлегуваат од невоените аспекти на безбедноста (вклучувајќи ги и еколошките закани) претставуваат сериозни закани за државите и човештвото.

### 1.3. Конструктивистичка теорија

Можеме да се согласиме дека сеуште не е постигнат консензус за тоа како да се пријде кон поширока безбедносна агенда, или дали безбедносната агенда треба да биде ограничена на воените закани на државата. Многу од обидите за редифинирање на безбедноста, исто како и одбраната на традиционалниот концепт, имаат нешто заедничко, а тоа е објективистичкото објаснување на безбедноста. Оттука, безбедноста е посуштинска од заканите и аналитичарите одлучуваат ако и за кого заканата навистина се конституира како безбедносен проблем. Како и да е, од безбедносните анализи правени во 60-те години од минатиот век станало јасно дека кон безбедноста може да се пристапи објективно (каде што има реална закана) и субјективно (каде што заканата може да се воочи).

Конструктивизмот поаѓа од уверувањето дека светот претставува некој вид општествена конструкција. Според видувањата на конструктивистите, светот постојано се менува, а основните носители на тие промени претставуваат самите луѓе. Еден од водечките конструктивисти Вент (*Wendt*) истакнува дека суверенитетот претставува збир на одредени правила кои претпоставуваат одредени очекувања и разбирање помеѓу актерите. Исто така, Вент начелно не прифаќа дека реалноста треба да се објаснува, туку дека истата треба да се менува. Посебно внимание Вент му дава на идентитетот на државата. Според него идентитетот се менува или со кооперативно однесување или со учење. Оттука, и оценката дали одреден систем е анархичен или не, може да се поврзе со прашањето за распределба на идентитетот, а не со одредена воена моќ. Според Вент кога системот се идентификува само со себе, тогаш тој е анархичен, а доколку се идентификува со другите системи тогаш неможе да стане збор за анархичен систем. Генерално, силата на идеите, културата и јазикот кај приврзаниците на конструктивизмот заземаат значајно место (Vukadinović, R. 2004: 63; Möller, B. 2000: 3).

Имајќи ги предвид неодамнешните обиди да се одредат контурите на конструктивистичката теорија на меѓународните односи, Руџи (*Ruggie*), прави разлика помеѓу две главни конструктивистички категории. Првата е „неокласичен" конструктивизам. Во корелација со дебатите за проширување/продлабочување на концептот на безбедноста, „неокласичниот" конструктивизам на Руџи е речиси на иста линија со традиционалната безбедносна агенда, односно за воените закани на безбедноста на државата. Втората категорија ги претставува критичките безбедносни студии кои претставуваат варијација на „постмодерниот" конструктивизам кој го комбинира конструктивизмот со критичката теорија и пост-структурализмот. Критичките безбедносни студии се конструктивистички во поглед на социјалните односи, но многу повеќе објективистички во поглед на безбедноста. Според Бузан (*Buzan*), расправите за конструктивистичкиот пристап кон безбедноста се исто што и кон социјалните односи. Тоа значи дека не се предодредени ниту субјектите на безбедноста ниту феномените кои потенцијално можат да ја загрозат безбедноста. (Stripple, J. 2002: 109-110).

Според Стерн (*Stern*) како резултат на обидот за поставување на еден покрај друг на животната средина и безбедноста, доаѓа до создавање на две различни линии на критицизам. Првиот е ортодокс-

ниот поглед, кој се зазема за (по)тесно дефинирање на националната или меѓународната безбедност ограничена во интересот (загриженоста) за заканите кои произлегуваат од воените способности на другите држави. Втората линија на критицизмот претставува радикалниот поглед. Дудни (*Deudney*), на пример, расправа дека аналитичка илузија е да се мисли дека еклошката деградација претставува закана по националната безбедност, затоа што традиционалниот фокус има многу малку нешта заедничко со еколошките проблеми или нивното разрешување.

Запознавајќи ги доминантните теории кои го објаснуваат концептот на безбедноста и потребата од неговото проширување, можеме да воочиме дека постојат најмалку три различни ситуации во кои животната средина може да се подведе под проширената претстава за безбедноста:

- Како прво еколошките проблеми можат да бидат причинети од војна или подготовки за војна, како сериозни индиректни воени ефекти. Ударен бран за денешната зголемена свест околу животната средина во „мировните кругови“, на пример претставуваат дебатите во раните 80-ти години од минатиот век за хипотезата „нуклеарна зима“, според која нуклеарна војна од „мал интензитет” може да предизвика климатски и еколошки катастрофи, последици кои нема да се однесуваат на завојуваните страни туку на целата планета.
- Како второ, војните можат да произлезат од еколошките проблеми, односно како форма на војни за ресурси. Очигледен пример претставуваат војните околу недоволните количества на вода, помеѓу државите кои ги делат меѓународните реки. Најтурбулентен регион во тој поглед претставува Средниот Исток.
- Како трето, еколошките проблеми можат, според одредени аналитичари, да претставуваат директна безбедносна закана. Во одредени екстремни случаеви, физичката база на државата може да биде изложена на опасност од страна на природата. Така на пример, државите како Бангладеш или Холандија, можат речиси да исчезнат во случај на зголемување на нивото на морето или силни поплавувања. Во поголемиот број на случаеви, концептот на еколошката безбедност повеќе ги тангира индивидуите или колективитетите, отколку државите како референтен објект на

безбедноста. Оттука, опстанокот и благосостојбата на луѓето се наоѓаат под закана на еколошките проблеми, што може да се подразбере како форма на „структурно насилство" кое може да резултира на пример со скратување на животниот век на луѓето, повисока стапка на смртност кај новороденчињата и влошување на генералната здравствена состојба. (Möller, B. 2000: 11-12).

## 2. Животната средина и безбедноста во Република Македонија

Насоките како и политичката и стручната рамка за поврзување на животната средина и безбедноста во Република Македонија можеме да ги најдеме во Концепцијата за национална безбедност и Стратегискиот одбранбен преглед. Од друга страна, Министерството за животната средина го има основниот мандат во рамките на сопствените програмски активности да се грижи за здрава и одржлива животна средина. Согласно тоа, во 2005 година донесен е новиот Закон за заштита на животната средина. Исто така, Владата на Република Македониј во својата „Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија" ги елаборира и проблемите на животната средина.

1) Во Концепцијата за национална безбедност и одбрана, која претставува основен документ на Република Македонија во областа на безбедноста и одбраната како еден од интересите на Република Македонија кои се засновани врз долгорочните потреби на македонското општество и кои се пресудни за животот и безбедноста на граѓаните, но и за стабилноста, функционирањето и континуитетот на државата спаѓа и заштитата и унапредувањето на животната средина.

Република Македонија спаѓа во територијално помалите европски земји со лимитирани ресурси и недостиг на одредени енергенси и други стратегиски материјали. Перманентното создавање безбедносно окружување и услови за модерно цивилно општество, како и трансформација и развој на економијата, претставуваат приоритетни задачи на Република Македонија. Притоа се води сметка

за социјалната димензија и заштитата и унапредувањето на животната средина.

Согласно со Концепцијата за национална безбедност и одбрана, во делот во кој се елаборираат ризиците и опасности по безбедноста на Република Македонија се споменуваат и:

- елементарните и други непогоди, техничко-тхенолошките катастрофи, заразните заболувања на луѓето и животните предизвикани од домашни и/или надворешни чинители;
- деградацијата и уништувањето на животната средина.

Во рамките на насоките за градење на политиката на национална безбедност на Република Македонија акцент е ставен, помеѓу другото и на фактот што посебните институции задолжени за безбедност иако и натаму имаат клучно место и улога во современото сфаќање на безбедноста, не се повеќе единствено надлежни за заштита, одржување и изградба на безбедносното окружување и состојба. Затоа оцената, мерките и активностите за заштита, одржување и унапредување треба да се гледаат како систем на сложени и меѓузависни фактори, како што се политичките, економските, одбранбените, внатрешно-безбедносните, социјалните, еколошките и други.

Во Концепцијата, погледите на политиката на национална безбедност се групирани во повеќе области, меѓу кои надворешна, економска, одбранбена, политика на внатрешна безбедност и политика на заштита на животната средина.

Политиката на заштита на животната средина треба да биде насочена кон развојот на стопанство со помали негативни последици кон животната средина, хармонизација на законодавството со она на ЕУ, доследното спроведување на мерките за заштита на животната средина од страна на органите на државата, органите на локалната самоуправа, стопанските и други субјекти, како и од страна на граѓаните на Република Македонија.

2) Во рамките на Стратегискиот одбранбен преглед, во делот кој се однесува на процена на заканите, ризиците и опасностите како нови предизвици и закани за мирот и меѓународната стабилност се напоменуваат судирот на интереси за користење на изворите и патиштата на стратегиските енергенси, елементарните и други непогоди, техничко-технолошки катастрофи, епидемии како и деградацијата и уништувањето на животната средина.

3) Новиот закон за животна средина од 2005 година е работен според методологијата на апроксимација на законодавството и потполно е усогласен со релевантните директиви од Европската Унија, како и со одредбите од релевантните меѓународни конвенции.

Во Законот за животната средина се регулираат основните основните права и обврски во доменот на заштитата на животната средина, мониторингот на живтоната средина, информативен систем за животната средина, планирањето на заштитата на животната средина, оцена на влијанието на одредени стратегии, планови и програми врз животната средина.

Со новиот закон за животна средина се формира Управа за животна средина како орган за вршење на работи од областа на животната средина.

4) Република Македонија во својата „Национална стратегија за интеграција во Европската Унија" има одредби кои ја допираат животната средина. Како составен дел од политиката за економски развој, Република Македонија креира и спроведува политика за заштита на животната средина со која се детерминираат приоритетите за животната средина, за нејзината заштита и оддржливо користење на ресурсите. Во 1996 година е усвоен Национален еколошки план за заштита на животната средина (НЕАП). Според него сегашната состојба и проблемите во Република Македонија се однесуваат на следните работи:

- Исфрлањето на водата од рударскиот сектор, индустриските постројки, сточните фарми и водите од големите урбани центри претставуваат најголем проблем кај загадувањето на водата. Недостигаат капацитети за прочистување на отпадните води;
- Најголемите проблеми во поглед на загадувањето на воздухот се манифестираат во градовите Скопје и Велес;
- Несоодветно управување со цврстиот и штетен отпад;
- Проблеми поврзани со управувањето на земјоделското и шумското земјиште;
- Зачувување и подобрување на шумската ресурсна база треба да преставува долгорочна цел на државата. Основен акцент претставува повторното пошумување на голото земјиште и рехабилитација на ерозивните региони;
- Недостаток на мониторинг врз природното богатство.

Навременото реагирање на еколошките закани подразбира ефикасен систем на мониторинг, процена и рано предупредување. Во таа насока процените на еколошките закани претставуваат мошне сложена категорија која има потреба од извонредно голема координираност на многу различни фактори.

Варијаблите кои би биле од интерес за линкот животна средина и безбедност можат да се класифицираат во четири генерални кластери:

1. Сили кои создаваат притисок врз животната средина и се од човечко потекло;
2. Состојби на животната средина или еколошки перформанси;
3. Политички одговор и инструменти;
4. Индикатори за насилство.

Ефикасниот систем би подразбирал меѓусебно надополнување на неколку сегменти како што се процената, раното предупредување и мониторингот.

Така на пример, при промоција на разумната употреба на природните ресурси како што се шумите, рибниот фонд и сл., процените треба да одговорат на прашањето: кои акции можат да ја охрабрат разумната употреба на ресурсите? Раното предупредување треба да биде насочено кон лоцирање на местата и состојбите каде што ресурсите би можеле да бидат исцрпени, додека мониторингот треба да одговори на прашањето дали користењето на природните ресурси станува повеќе или помалку оддржливо? Или доколку станува збор за редуцирање на ранливоста од природни катастрофи, процените треба да ја идентификуваат улогата на условите на животната средина во зголемувањето на ризиците од природни катастрофи. Раното предупредување, во овој случај, одговара на прашањето кои места со одредени предискуства се ранливи во пократок временски период? Мониторингот би се однесувал на пратење на состојбата на кои места ранливоста се зголемува или опаѓа?

**Заклучок**

Постоењето на институционална правно-нормативна рамка, дава можности за издржано инкорпорирање во акционите агенди и третман на сите еколошки проблеми кои го загрозуваат човекот и животната средина. Оттука, Секоја држава, вклучително и Република Македонија треба да изгради капацитети за справување со еколошките проблеми и притисоци кои можат да претставуваат закани по безбедноста. Значењето и сериозноста на еколошките проблеми зависи од поширокиот контекст на економски, политички, социјални, културни, религиозни и етнички фактори.

Како главни подрачја на институционален ангажман треба да се апострофираат:

- секундарните социјални проблеми кои произлегуваат од еколошките притисоци (миграции, сиромаштија, глад, јавното здравје);
- еколошката деградација (глобалните еколошки промени - осиромашување на озонската обвивка, губење на биодиверзитетот, климатските промени, обесшумувањето, десертификацијата, загадувањето и природните катастрофи);
- недоволност на ресурсите.

На крај можеме да заклучиме дека за постигнување на еколошката безбедност на глобално ниво потребно е следното:

- Превенирање или ублажување на глобалната еколошка деградација;
- Менаџмент со глобалните добра;
- Превенција и менаџирање на глобалните ризици;
- Собирање и размена на информации;
- Мониторинг и координирање на регионалната соработка.

За постигнување на еколошка безбедност на регионално ниво потребно е следното:

- Дефинирање на еко-географски региони;
- Идентификување на меѓународните институции;
- Образование, тренинг и размена на информации;
- Изградба на капацитети во согласност со националните и меѓународните закони.

На национално ниво потребни се следните активности:

- Почитување на меѓународните конвенции;
- Создавање база на податоци и нивна размена;
- Менаџмент на ресурсите на национално ниво;
- Ефикасни системи за рано предупредување и мониторинг.

Генерално би можеле да се согласиме дека постигнувањето на еколошката безбедност подразбира подигнување на „еколошката чувствителност" на меѓународните институции, разбирање на еколошката безбедност како компонента на сеопфатната меѓународна безбедност, заеднички одговорности за еколошката безбедност и креирање стратегии базирани на принципот за одржлив развој.

(Рецензент: *доц. д-р Оливер Бакрески*)

**ПРИЛОГ бр.1**

ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КОНФЛИКТИТЕ




***Услови**: технолошки капацитети, култура, внатрешно-политички односи, меѓународни политички односи, интелектуални потенцијали, институционални капацитети, економија, етнички состав

**ПРИЛОГ бр. 2** ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ЕКОЛОШКА БЕЗБЕДНОСТ

| ЗАКАНИ | Од немарност и лош менаџмент | Со намера | Микс на природни и човекови активности |
|---|---|---|---|
| Во државата | | | |
| Прекугранични | | | |









## ЛИТЕРАТУРА

**Георгиева, Л.** (2004) *Творење на миройи-мирой, безбедносйта и конфликйийе йо Сйуденайа војна.* Скопје: Виладорф 2004

**Змејковски М.** (2001) *Човекой, водайа и живойнайа средина.* Скопје: НИО „Стидентски збор".

**Кенеди, П.** (1997) *Прийрема за двадесей йрви век.* Београд: Службени лист СРЈ.

**Котовчевски, М.** (2000) *Национална безбедносй на Рейублика Македонија.* Скопје: Македонска цивилизација.

**Маслинков Б. Маслинков Б. Б.** (2001), *Заштийа на живойнайа средина.* Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски".

**Ристески, К.** (1999) *Еколошка криза 2.* Скопје: НИП „Студентски збор".

*Закон за живойна средина*, Службен весник на Република Македонија, број 53. 2005 година.

*Посйконфликйна оценка на живойнайа средина - Македонска сосйојба.* (2000) Извештај на Програмата за животна средина на Обединетите Нации.

*Одржлив развој на Рейублика Македонија.* (1995) Национален извештај во рамките на проектот Воздржана Европа. Скопје: Пријатели на земјата FoE-Europe.

*Национална сйрайегија за инйеграција на Рейублика Македонија во Евройскайа унија.* (2004) Скопје: Влада на Република Макеодонија.

*Сйрайегиски одбранбен йреглед (йолийичка рамка).* (2003) Скопје: Влада на Република Макеодонија.

**Baldwin D.** (ed.) (1993) *Neorealism and Neoliberalism.* New York: Columbia University Press.

**Black R.** (2001) „Environmental Refugees: Myth or Reality". *UNHCR Working Papers (34).*

**Bradshaw L.A.** (1998) *International Environment Security: The Regional Dimension.* Executive Seminar Report, 12-13 November 1997.

**Guzzini S.** (1998) Realism in International Relations and International Political Economy. London, New York: Routledge.

**Manwaring G.M.** (ed.) (2002) *Environmental Security and Global Stability-Problems and Responses.* Lanham: Lexington Books.

**Møller B.** (2000) „The Concept of Security: The Pros and Cons of Expansion and Contraction", International Peace Research Association (IPRA) Tampere, Finland.

**Page A. E. Redclift M.** (eds.) *Human Security and the Environment-International Comparisons.* Cheltenham: Edward Elgar Publishing Limited.

**Vukadinović, R.** (2004) *Meunardoni politikči odnosi.* Zagreb: Fakultet politčkih nauka.

Toni MILESKI

# ENVIRONMENT AND SECURITY


## Abstract

*At the last years of human existance, possibilities which threaten security have been getting new forms. According to that, environment becoming as an ambient which have capabilities to produce different threats. Numbers of sacrifice into natural disaster are similar or even bigger than sacrifice in local and regional military conflicts. That mean opening a new horizont to established a link between environment and security. In this paper, main goal is to analize linkage between environment and security through development of the security concept according to political theories which are explain international relations. One part of the paper is focused on environemental security in the Republic of Macedonia.*


***Keywords:*** *ENVIRONMENT, SECURITY, ENVIRONMENTAL SECURITY, MANAGEMENT, MONITORING, EARLY WORNING.*